**ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ**

# *Извештај за работата на ЈУ Специјален Завод Демир Капија*

*Скопје,декември 2017 година*

**РЕЗИМЕ**

Грижата за децата и лицата со попреченост во системот на социјалната заштита, се обезбедува преку развиениот систем на институционална заштита и одреден број на вонинституционални форми на заштита како што се дневни центри, згрижувачки семејства и станбени заедници за организираното живеење со поддршка.

Согледувањето на актуелната состојба во областа на социјалната заштита искажана низ постојните форми на заштита на корисниците со попреченост ја дефинира потребата од унапредување на постоечките и развивање на нови форми и програми.

ЈУ Завод за социјални дејности во рамките на своите надлежности во континуитет ја следи работата во ЈУ Специјален завод Демир Капија преку увиди и посети во установата, работни средби со вработените, спроведување на обуки и работилници и активна вклученост во сите тековни процеси кои се спроведуваат во установата.

Предмет на извештајот е согледувањето на моменталната состојба и функционирање на ЈУ Специјален Завод Демир Капија, по направен увид на 13.12.2017 година, како и определување на препораки за подобрување на работата и подигнување на квалитетот на услугите кон корисниците во согласност со тековните процеси на трансформација на установите и деинституционализација на национално ниво.

Согледувајќи ги сите фактори и околности во кои функционира установата од аспект на просторно – технички услови, кадровска екипираност – 125 вработени, бројот и хетерогената структура на корисниците – 221 ( возраст, попреченост, дополнитени нарушувања на здравствената состојба ), организацијата на работното време кое ја определува динамиката на секојдневните активности со корисниците ( нега, грижа, рехабилитациско корективни третмани, работна окупација, организација на слободно време ), има потреба од преземање активности за подобрување на моменталната состојба кои треба да бидат во корелација со тековниот процес и новата стратегија за деинституционализација и тоа:

1. **Хуманизација и подобрување на условите за живот и престој на корисниците, со цел зголемување на нивната безбедност, обезбедување на потребната нега и заштита и почитување на личноста на секој корисник.**
2. **Реорганизирање на работата во установата:**
3. **Обуки/едукации за сите вработени, согласно изготвен план за едукација на индивидуално и организациско ниво со посебен акцент за**

**примена на моделот на почитување на човековите права на лицата со попреченост во секојдневната работа, како и за процесот на деинституционализација, тимската работа.**

4. **Поинтензивна соработка со центрите за социјална работа заради преземање на соодветни активности за организирање на понатамошниот облик на заштита на корисниците.**

5. **Континуирана соработка, комуникација и размена на информации помеѓу мултидисциплинарниот тим ангажиран од УНИЦЕФ и вработените во установата, со цел обезбедување целосен увид во работата со 30-те корисници и можноста за примена на методата на интензивна интреакција и со останатите корисници.**

6. **Да се разгледа можноста за реализација на личните планирања за 10те корисници и понатамошна имплементација и практична примена на методата во работата со корисниците.**

**ВОВЕД**

## 1 Дејност на установата

ЈУ Специјален Завод Демир Капија е установа за сместување на лица со пречки во менталниот развој која обезбедува: сместување, згрижување, здравствена заштита, рехабилитација, работна и окупациона терапија, во согласност со способностите на корисниците и здравствената состојба. (чл. 126 од Закон за социјална заштита).

## 2 Локација и вкупна површина на објектот

Установата се наоѓа на ул. Наум Наумски бр.4, на периферијата на градот Демир Капија. Во делот на социјалната област, спаѓа под надлежност на ЈУ МЦСР Неготино. Установата располага со следната површина:

**Оддел здравство** вкупно **8.177 м²**

Зграда 1 960 м²,
Зграда 2 960 м²
Зграда 3 4610 м²

| | |
|---|---|
| **Админ. Зграда** | 220 м² |
| **Кујна** | 325 м² |
| **Магацин** | 500 м² |
| **Работилница** | 100 м² |
| **Вапаракс** | 15 м² |
| **Амбуланта** | 104 м² |
| **Чувара** | 35 м² |
| **Перална** | 300 м² |
| **Агрегат** | 30 м² |
| **Парен котел** | 18 м² |

**Објект Нов Павиљон** вкупно **2.150 м²**

Исто така, установата располага и со земјоделско земјиште, лозов насад 6,3 хектари и овоштарник 2 хектари , лоцирано во областа Ергеле.

## 3 Опис на простории

Во склоп на Установата се наоѓа административна зграда во која има вкупно 10 простории (управа и канцеларија на социјален работник), каде што функционира одделот административни работи и помошно- технички работи

Службата за сместување, нега, здравствена заштита и рехабилитација (Оддел здравство ) е организирана во 3 Оддели од кои:

*1. Оддел за лица со тешки пречки во менталниот развој* кој располага со 4 апартмани (А1, А2, А3, А4 ) и секој апартман има по 4 спални соби , 4 дежурни простории за негователите и 4 тоалети.

*2. Одделот за лица со најтешки пречки* е поделен во две Одделенија каде што во Б1 има 6 спални соби и една дежурна просторија за негователите, Б 2 има * спални соби за корисниците, дневен простор за корисниците, дежурна просторија за негователите и 4 тоалети.

*3. Оддел за лица со најтешки пречки во менталниот развој и комбинирани пречки* во кој има две Одделенија Ц1, Ц2 и во секое одделение има по 4 спални соби, 4 дневни простории, 4 дежурни простории за негователите и 4 тоалети.

Во оваа зграда има еден магацин, рентген просторија (не е во функција), сала за физикална терапија, дефектолошка работилница, 1 амбуланта, 1 просторија за мед. сестри, просторија за лаборант , аптека, просторија за лекар, 2 магацински простории и тераса.

Службата за рехабилитација, работна и окупациона терапија и работно – производна активност (пododдел Нов објект) располага со следните простории:
1 просторија за раководител на одделот, 2 дефектолошко - воспитни работилници, 1 амбуланта, 1 стоматолошка ординација (не е во функција ), простор за перална, сушари, дневен престој (трпезарија) за корисниците, 1 просторија за индивидуален третман. Службата е поделена на 6 апартмани со 6 простории за дневен престој каде што престојуваат корисниците. Во одделот секој апартаман има по 4 спални соби, сала за физикална терапија и 1 просторија за парните котли.

## 4 Организација на работата

Установата својата дејност ја реализира низ следните служби:

***1. Служба за административни работи и помошно- технички работи***

- Оддел за административни работи и управување со човекови ресурси
- Оддел за помошно технички работи
- Оддел економија

***2. Служба за сместување, нега, здравствена заштита и рехабилитација***

- Оддел за лица со тешки пречки во менталниот развој
- Оддел за лица со најтешки пречки
- Оддел за лица со најтешки пречки во менталниот развој и комбинирани пречки

***3. Служба за рехабилитација, работна и окупациона терапија и работно – производна активност***

Сите активности во Службите се реализираат во 24 часа од кои период за активно ,,живеење,, на корисниците е периодот од 5 часот наутро до 17,30 часот кога и започнува ноќниот одмор.

Активностите со корисниците се реализираат од страна на повеќе стручни профили преку следниве сегменти :

1.здравствена заштита - медицински сестри, лаборант, физиотерапевти и лекари – надворешни консултанти

2. нега и хигиена на корисниците - негователи

3.рехабилитационо - корективен третман, работна окупација и работно-производна дејност - дефектолог, воспитувач, инструктор

4. социјална заштита- социјален работник

5. одржување на просториите- техничко - помошен персонал и хигиеничарки

**5 Структура на корисници**

Во Установата со состојба 13.12.2017 година се сместени **221** корисници. Во однос на видот и степенот на попреченост **29** корисници се со *умерена ментална попречен*ост, **183** се со *тешка ментална попречност* и **9** со *длабока ментална попреченост.* (табеларен приказ бр.2)

Според возраста најголем број корисници се *над 26 години* -**191** корисници, а останатите **30** корисници се до 26 годишна возраст (до 6 год - 1, 5-10 год - 6, 11-14 год - 2 , 15-18 год - 6, 18-26 год-16). (табеларен приказ бр.1)

Најголем дел од корисниците имаат дополнителни телесни попречености, нарушувања во здравствената состојба, психички проблеми, проблеми во однесување, што ја чини хетерогена структурата на корисниците, а со тоа и покомплексна работата со нив од аспект на организација и распределување по оддели, планирање на активности во група или индивидуално, реализација на планираните активности.

**6 Структура на кадар**

Вкупниот број на вработени во Установата изнесува **125** лица, од кои стручниот кадар го сочинуваат **19** лица, и административно-технички и помошен кадар – **106** лица.

Структурата на стручниот кадар е следна: дефектолог - 6, социјален работник - 1, воспитувачи - 3, физиотерапевт – 5, инструктори – 4.

Од административно-технички и помошен кадар најмногу се застапени негователи - 52, мед.сестри – 16, лаборант – 1, а останати 37 лица (правник, 2 дипломирани економисти, 1 економист-4 ти степен, книговодител, архивар и 2 технички секретар, 9 хигиеничарки, 5 готвачи, 2 сервирки, 4 чувари, 1 возач, 4 перачи, 1 бравар, 1 електричар, 2 домаќини)

Се забележува тенденција на намалување на кадарот, особено на негователи и медицински сестри, односно од јуни 2017 год. бројот на вработени е намален за 9 лица, што ја отежнува организацијата на работа и негата и грижата за корисниците.

## 7. Актуелни проекти

Во текот на втората половина на 2017 година во рамките на установата се започна со спроведување на проектни активности со корисниците и вработените:

Со проектот: ***Техничка помош за поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор***, беа организирани 4 работилници за методата лично планирање, на која имаше 4 претставници-стручни лица од установата (3 дефектолози и 1 социјален работник), како и вработени во Центри за социјална работа, установи за сместување на деца и лица со попреченост, Министерство за труд и социјална политка, Завод за социјални дејнсоти и организации од невладин сектор. Во рамките на работилниците беа изготвени 10 лични планирања за корисници од установата.

Како дел од проектните активности, директорката на установата и социјалниот работник беа вклучени во работните групи за изготвување на новата стратегија за деинституционализација.

***Вториот проект кој започна со реализација во септември 2017 год. , се реализира од страна на УНИЦЕФ во соработка со Сојузот на дефектолози на Р Македонија, а се однесува на примена на методата на интензивна интеракција во работата со деца со попреченост.*** Во овој циклус, со активности се опфатени 30 корисници до 26 годишна возраст од страна на мултидисциплинарен тим сочинет од 15 лица, меѓу кои дефектолози, психолози, социјални работници, физиотерапевти и негователи. Работните активности се спроведуваат во текот на 5 работни дена. За секој корисник е изготвено досие, кое содржи почетни проценки, план за работа, и месечни евалуациии. Работа на тимот е следена и менџирана од страна на определените 2 координатори на проектот. За спроведените активности со корисниците се изготвуваат извештаи и истите се доставуваат до канцеларијата на УНИЦЕФ и МТСП. Пред отпочнувањето на проектот стручни лица од установата поминале обука за запозавање со методата и начин на нејзино применување.

Во рамки на студиската посета во Хрватска, организирана од страна на УНДП и МТСП двајца претставници од установата имаа можност да се запознаат со начинот на спроведување на процесот на деинституционализација на установите за сместување на деца и лица со попреченост и улогата на самата установа во спроведување на процесот, трансформација и развивање на услуги на локално ниво преку примена на работното искуство стекнато во установите.

## ЗАКЛУЧОК

Согледувајќи ги сите фактори и околности во кои функционира установата од аспект на просторно – технички услови, кадровска екипираност, бројот и хетерогената структура на корисниците ( возраст, попреченост, дополнитени нарушувања на здравствената состојба ), организацијата на работното време кое ја определува динамиката на секојдневните активности со корисниците ( нега, грижа, рехабилитациско корективни третмани, работна окупација, организација на слободно време ), има потреба од преземање активности за подобрување на моменталната состојба кои треба да бидат во корелација со тековниот процес и новата стратегија за деинституционализација.

## ПРЕПОРАКИ

1. **Хуманизација и подобрување на условите за живот и престој на корисниците, со цел зголемување на нивната безбедност, обезбедување на потребната нега и заштита и почитување на личноста на секој корисник.**

- санирање на водоводната и електричната инсталација и др поправки во објектите
- реновирање и опремување на спалните соби на корисниците, просториите за дневен престој, простории за третман и работна окупација
- обезбедување на доволен број на прибор за јадење, постелнина, прибор за лична хигиена, лична облека и обувки и сл.
- Утврдување на целокупната здравствена состојба на секој корисник и обезбедување на потребните услуги од здравствена заштита од надлежни институции и организации( здравствени домови, клиники, нво сектор- на пр. ХЕРА во делот за сексуално-репродуктивно здравје и права на лицата со попреченост)

2. **Реорганизирање на работата во установата:**

- кадровско зајакнување и двосменско покривање со стручен кадар,

- преиспитување на динамиката на дневни активности согласно потребите на корисниците
- просторно-техничко обезбедување и организирање на определен простор во установата, како мал групен дом или станбена единица, кој ќе биде во насока на подготовка на корисниците за транзиција од установата во друга форма на заштита во заедницата.

3. **Обуки/едукации за сите вработени, согласно изготвен план за едукација на индивидуално и организациско ниво со посебен акцент за примена на моделот на почитување на човековите права на лицата со попреченост во секојдневната работа, како и за процесот на деинституционализација, тимската работа.**

- Воведување на организациско учење за размена на искуства, знаења и информации кои вработените ги стекнале преку различни облици на едукации (студиски посети, конференции, обуки и сл.)
- Имплементација на стекнатите знаења и вештини во непосредната работа со корисниците.

4. **Поинтензивна соработка со центрите за социјална работа заради преземање на соодветни активности за организирање на понатамошниот облик на заштита на корисниците преку:**

- информирање за тековните процеси и активности кои се спроведуваат со корисниците
- меѓусебно споделување на информации за состојбата на корисниците и состојбата со семејствата на корисниците
- преиспитување на статусот на корисниците заради утврдување на можноста за поседување на имот во сопственост на корисниците или нивните семејства кој би можел да се искористи за создавање на ресурси за деинституционализација- организирано живеење со поддршка и/или мал групен дом.

5. **Континуирана соработка, комуникација и размена на информации помеѓу мултидисциплинарниот тим ангажиран од УНИЦЕФ и вработените во установата, со цел обезбедување целосен увид во работата со 30-те корисници и можноста за примена на методата на интензивна интреакција и со останатите корисници.**

6. **Да се разгледа можноста за реализација на личните планирања за 10те корисници и понатамошна имплементација и практична примена на методата во работата со корисниците.**

Скопје, декември 2017 год.

## ПРИЛОЗИ

### Табела 1. Податоци за корисниците според возраст

| | Возраст | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | до 6 год | 1 |
| 2. | 7 - 10 год | 5 |
| 3. | 11 - 14 год | 2 |
| 4. | 15 - 18 год | 6 |
| 5. | 18 -26 год | 16 |
| 6. | Над 26 години | 191 |
| | **Вкупно** | **221** |

### Табела 2: Податоци за корисниците според вид и степен на попреченост

| Ред број | Здравствена состојба | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Умерена интелектуална попреченост | 29 |
| 2. | Тешка интелектуална попреченост | 183 |
| 3. | Длабока интелектуална попреченост | 9 |
| | **Вкупно** | **221** |

### Табела бр. 3: Податоци за кадровска структура

| **Кадровска структура** | |
|---|---|
| Административно-технички и помошен кадар | 106 |
| Стручен кадар | 19 |
| Вкупно | **125** |